Interreg
Co-funded by the European Union
IPA Republic of Bulgaria – Republic of North Macedonia

# ТЕРИТОРИЈАЛНА СТРАТЕГИЈА

**за интегрирани мерки што ќе се финансираат во рамки на**

**програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ–ИПА за 2021 – 2027 година**

**меѓу**

**Република Бугарија и Република Северна Македонија**



# СОДРЖИНА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** 2

**МЕТОДОЛОГИЈА** 2

**ОДРЕДУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ОПСЕГ НА СТРАТЕГИЈАТА** 5

**СТРАТЕШКИ КОНТЕКСТ** 7

ЕВРОПСКА ЗАКОНОДАВНА И СТРАТЕШКА РАМКА 7
СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА 9
СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА* 9

**АНАЛИЗА** 11

**УТВРДЕНИ ПОТРЕБИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ** 11

Идентификувани потреби (ИП) 12
Потенцијали за развој (ПР) 14

**ВИЗИЈА, ЦЕЛИ, МЕРКИ** 14

ТЕРИТОРИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ЗОНИ ЗА ИНТЕНЗИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА 24

**УЧЕСТВО НА ПАРТНЕРИТЕ/ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ИЗГОТВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА** 27

УПРАВУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ НИВОА И ПАРТНЕРСТВО 27
Улоги и одговорности на партнерите/засегнатите страни 28
Одржливост на партнерства 32

**МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНКА НА СТРАТЕГИЈАТА** 33

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Целта на оваа Стратегија е да одговори на потребите на ИНТЕРРЕГ–ИПА програмата за прекугранична соработка за 2021 – 2027 година меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија, предлагајќи мерки што би придонеле за одржлив економски развој на регионот. Тие мерки ќе се спроведат во рамки на Цел на политиката (ЦП) 5 „Европа поблиска до граѓаните".

Овој документ е развиен во тесна координација со локалните чинители во преку граничниот регион (ПГС регионот).

Стратегијата ќе содржи пакет интегрирани мерки, вклучувајќи идентификување на функционални подрачја, методологија за управување, следење и проценка, како и список на операции и потенцијални корисници коишто ќе се финансираат во рамките на ИНТЕРРЕГ–ИПА програмата за 2021 – 2027 година меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија. Документот ќе се изготви во согласност со законската рамка, притоа водејќи сметка за специфичностите на програмската област; ќе се фокусира на прекуграничната димензија преку идентификување заеднички предизвици и потенцијали за развој.

Управувањето на повеќе нивоа ќе се осигури преку вклучување на сите надлежни нивоа (следејќи го регионалниот пристап „оддолу - нагоре", во тесна соработка со програмските структури) во согласност со принципите на партнерство, родова еднаквост и недискриминација.

Територијалната стратегија ќе се претстави на разни настани и регионални консултации.

Според Предлогот за Регулатива на Европскиот парламент и Советот со којшто се утврдуваат одредбите за европските фондови за периодот 2021 – 2027 година, а којшто се однесува на зајакнување на интегрираниот пристап за територијален развој, инвестициите во форма на територијални алатки треба да се базираат на стратегиите за територијален и локален развој. Овие територијални стратегии треба да се развијат и спроведат под надзор на релевантни надлежни органи или тела коишто ќе бидат одговорни за изборот на операциите што ќе се поддржат, и/или ќе се вклучат во тој избор.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата користена при изработката на територијалната стратегија е тесно поврзана со нејзината главна цел според Техничката спецификација на проектот. Ова подразбира усогласеност со барањата утврдени во усвоената и одобрена Техничка спецификација, со досегашните добри практики, со законската рамка и со упатствата во оваа област на европско и национално ниво. Токму врз оваа основа се заснова образложението за развој и имплементација на Стратегијата.




Методологијата го опишува процесот и соодветните алатки за секоја активност при развојот на стратегијата.

Започнувањето со активностите е во согласност со распоредот и ќе се одвива во следниов логичен редослед:

**Чекор 1** Поставување работна група за стратегијата. Ова е продолжение на консултациите за развој на програмата за прекугранична соработка. Идентификувањето на учесниците во работната група се заснова на принципот на партнерство и пристап на повеќе нивоа кон управувањето, а и обезбедува учество на граѓанското општество и социјалните партнери. Работната група активно учествува во координацијата, прегледот и одобрувањето на сите фази на развој на стратегијата.

**Чекор 2** Дефинирање на стратешкиот контекст и методологијата и одредување на географскиот опсег на стратегијата. Оваа активност се спроведува преку административна анализа на постојните стратешки документи на европско, национално, регионално и локално ниво во согласност со условите на стратегијата. Географскиот опсег на стратегијата се одредува во согласност со европските услови и упатства што се применуваат во локален контекст. Како резултат, важен дел од ова е јасната и прецизна аргументација за изборот на вклучената територија.

**Чекор 3** Анализа на територијата. Важен дел од разработката е идентификувањето на потребите и потенцијалите за развој. Тематскиот опсег на таквата анализа е насочен кон главната цел на проектната задача и ги вклучува следниве тематски области:

1. Географски карактеристики и животна средина
2. Демографски карактеристики и пазар на труд
3. Аспекти на социоекономскиот развој
4. Транспортна и инженерска инфраструктура
5. Културно, историско и природно наследство
6. Туризам

Развојните цели и приоритети, дефинирани во стратешкиот контекст, како и мерките за нивно постигнување на повисоко ниво, служат како основа за критериумите според коишто се дефинираат потребите и потенцијалите за развој врз основа на опишаната реалност во регионот со помош на собраните информации.

Анализата опфаќа систем на принципи, правила и процедури. Тоа е спој на напредни општи и специфични методи и алатки за обработка на податоци, како и анализа на информации, за споредба и проценка. За да се формира сеопфатна слика за состојбата на теренот, потребните изворни информации се собираат и сумираат со вршење административна анализа на програмите и стратешките документи, систематска класификација и обработка на секундарните информации од спроведените истражувања, анализа на содржината, мултифакторни геопросторни анализи, мета-анализи, компаративни анализи и проценки на пописи, како и примена на традиционални и специфични статистички методи за собирање податоци.

Главниот акцент тука е ставен на избегнувањето премногу описен пристап на регионот и неговите карактеристики, фокусирајќи се на заедничките предизвици од двете страни на границата.

Како резултат на идентификуваните потреби и потенцијали за развој на територијата, идентификувани се клучните области на интервенција.

**Интегрираниот пристап** кон адресирање на потребите и искористување на постојните потенцијали ќе се спроведе преку мултисекторски пакет мерки (интегрирани мерки) за постигнување на целите на стратегијата и обезбедување на активно учество на партнерите (засегнатите страни) во сите фази на нејзиниот развој, спроведување, следење и проценка.

**Чекор 4** Формулирање на визијата и целите на стратегијата. Визијата ја дефинира посакуваната улога на стратегијата како дел од организираните мерки за одржлив социоекономски развој на територијата.

Идентификуваните клучни (приоритетни) области на интервенција формираат основа за дефинирање на стратешките цели, коишто пак, се основа за конкретните цели на стратегијата.

Стратешката цел претставува основа за дефинирање на пакетот мерки во тесна врска со специфичните потреби и потенцијали и приоритетните мерки на повисоко ниво. Интегрираната природа на мерките ја одредува потребата во текот на процесот да се следи како додавањето или намалувањето на сите предложени мерки ќе влијае врз ефективноста и ефикасноста на целиот пакет.

Целиот процес е во согласност со специфичностите на проектната задача, а нејзин дефинирачки критериум е тоа дали се обезбедуваат можности за прекугранична соработка или не. Се користи систем на пристапи (интегриран, прекуграничен, екосистем и пристап

базиран на локација), принципи и методи што се применуваат во развојот на стратегиите за интегриран територијален развој. При дефинирање на нејзините цели, се применува СМАРТ (специфичен, мерлив, остварлив, релевантен и временски базиран) пристап.

**Чекор 5** Подготовка на методологија за спроведување, следење и проценка, којашто е тесно поврзана со досегашните постигнати резултати, техничката спецификација на предлогот, упатствата од повисоко ниво и добрите практики.

**Чекор 6** Изготвување долг список на операции. Главниот критериум за можни интервенции е нивниот придонес кон постигнување на стратешката цел и конкретните цели на програмата преку прекугранични интервенции.

Се применуваат посебно дефинирани критериуми за селекција, за да се изберат приоритетните операции што ќе се вметнат во краткиот список, којшто пак, е дел од програмата за соработка ИНТЕРРЕГ–ИПА меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија за 2021 – 2027 година.

Изработениот Акциски план за спроведување на соодветната 7-годишна стратегија ги вклучува утврдените рокови за спроведување на предвидените мерки за постигнување на целите на стратегијата.

Успешното спроведување на стратегијата ќе има позитивен ефект врз многу аспекти од животот на луѓето. Треба да се најде вистинската рамнотежа помеѓу кумулативниот ефект (што е можно повеќе и што е можно поразновидни интервенции) и интензитетот на секоја поединечна интервенција (којшто е доволно широк и ефективен за да има влијание, што се однесува и на кумулативниот ефект). Од ова произлегува дека критериумите за избор на операции треба да се однесуваат не само на секоја операција одделно, туку и на целиот интегриран пакет операции.

Предложената методологија, како процедурален редослед на чекорите, соодветствува со активностите што се детално објаснети во Проектната задача.

## ОДРЕДУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ОПСЕГ НА СТРАТЕГИЈАТА

Географскиот опсег на стратегијата е дефиниран во согласност со Техничката спецификација за проектната задача и условите утврдени во член 23 од Нацрт-регулативата за заеднички одредби од 29 мај 2018 година.

Изборот на територијалниот опсег произлегува од неколку важни предуслови:

- Извршената анализа за потребите на ИНТЕРРЕГ–ИПА ПГС за 2021 – 2027 година меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија. Со анализата беше утврдено следново: постоењето на „слични економски, социјални и територијални предизвици, потреби и потенцијали“ дава причина за „дефинирање на целиот прекуграничен регион како функционална област за којашто треба да се развие стратегија за територијален развој“.

- Веќе формираната Работна група не е дефинирана врз основа на каква било територијална разлика, туку е случаен примерок од целата територија. Истовремено, локалните чинители ја изразија својата подготвеност за „активно учество во различни фази на изработка и имплементација на територијалната стратегија“. Ова е добар предуслов за исполнување на еден од најважните услови за успешен развој и имплементација на територијалната стратегија: постоење јавен консензус и посветеност на чинителите активно да учествуваат во нејзината имплементација.

- Европската политика за територијална кохезија.

Целата област каде ќе се спроведе програмата за соработка се карактеризира со знаци на неразвиеност што се типични за периферните региони: низок БДП, трајно негативни демографски трендови, големи области каде има депопулација, недостаток на квалификувана работна сила, слабо претприемништво, голема ранливост на природни катастрофи. Сето тоа резултира со изразена децентрализација и концентрација на населението во поголемите градови на релевантната територија и пошироко.

Покрај вклучување на заедничките потреби и потенцијали, територијата мора да создаде услови за постигнување на целите дефинирани во стратегијата. Територијалната природа на стратегијата го одредува сериозното влијание што приоритетите на **Територијалната агенда 2030** го имаат врз неа, а коишто исто така се вклучени во националните и регионалните документи релевантни за развиената територија. Тие доделуваат значајна улога на балансирана полицентрична мрежа на градови што соработуваат во активирање на потенцијалите за развој. Развојните центри на повисоко ниво, како Куманово, Ќустендил, Штип, Благоевград и Струмица, играат посебно важна улога во оваа мрежа за териториите во двете земји непосредно долж границата, а нивното вклучување во територијалниот опсег е од голема важност. Тие ја формираат основата на полицентричниот систем на релевантната територија, а нивниот однос со помалите градови во рамките на споменатиот полицентричен модел, како и со остатокот од територијата се одликува со висок степен на *интеракции* и *меѓузависности*. Покрај тоа што се поврзани поради патувања до работа, овие големи развојни центри се дел од националните и регионалните системи за обезбедување здравствени, образовни и други услуги коишто се „живи“ и сè уште функционираат. Всушност, стратегијата ќе работи на дел од системот (во овој случај два система), а не на посебна територија, а предложениот географски опсег го одразува тој факт. Во **Територијалната агенда 2030**[1] исто така се наведува дека „*економскиот просперитет на одредени места зависи од конкурентноста и креативноста на нивните претпријатија и старт-ап компании, како и од локалните средства, карактеристики и традиции, културниот, социјалниот и човечкиот капитал и капацитетите за иновации*“.

Затоа, дефиницијата за функционалните области како „области со висок степен на интеракција и меѓузависност, каде што се потребни истовремени активности во различни сектори (образование, вработување, транспорт, здравствена заштита, поддршка за бизниси) со цел да се постигне иден развој“, којашто е вклучена во документот „Цел на политика 5 — Внесување на територијалноста во Интеррег“ од 18 јуни 2020 година, целосно се применува на дефинираниот географски опсег на стратегијата.

- Од друга страна, овие системи (како делови на полицентрични формации) се поврзани со пристапот што во двете земји се користи за собирање и обезбедување на статистички податоци, а нивното земање предвид во голема мера ќе обезбеди пристап до квалитетни статистики коишто се потребни за анализа на потребите и потенцијалите за развој на територијата, информатичките алатки за мерење на поставените цели и успешното следење и проценка на спроведувањето на стратегијата.

На ова може да се додаде дека податоците од Годишните извештаи[2] за програмата

[1] https://territorialagenda.eu/home.html

[2] http://www.ipa-cbc-007.eu/mk/annual-reports

посочуваат дека главниот удел на спроведените прекугранични проекти е поврзан со големите урбани центри од двете страни на границата.

Од досегашните наоди, може да се резимира дека дефинираната територија на стратегијата:

- создава можност за обезбедување достапни и квалитетни информации за потребите на стратегијата (анализа, мерливост, мониторинг, проценка);
- обезбедува соодветна територијална основа за подготовка на интегриран одговор на потребите и развојниот потенцијал на територијата, во согласност со европската стратешка рамка;
- е резултат на консензус на заинтересираните страни коишто се посветени на учество во развојот и спроведувањето на стратегијата;
- ја исполнува дефиницијата за функционална област, којашто е утврдена во документите на Интеракт.

Сето ова дава основа за аргументација дека географскиот опсег на стратегијата, утврден во блиска соработка со чинителите, е целосно адекватен на соодветните барања и создава територијална основа којашто е неопходна за успешно спроведување.

# *СТРАТЕШКИ КОНТЕКСТ*

## *ЕВРОПСКА ЗАКОНОДАВНА И СТРАТЕШКА РАМКА*

Овој документ е изготвен како дел од Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ–ИПА за 2021 – 2027 година меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија и со него управува европското законодавство, во чија основа се целите и вредностите на ЕУ содржани во Договорот од Лисабон[3] и Повелбата за фундаменталните права на ЕУ[4] приложена кон него; ова вклучува: мир и просперитет за граѓаните на ЕУ; одржлив развој заснован врз балансиран економски раст и стабилност на цената; висококонкурентна пазарна економија со целосна вработеност и социјален напредок, како и заштита на животната средина; научен и технолошки напредок; економска, социјална и територијална кохезија и солидарност; и почитување на богатата културна и јазична разновидност на Унијата.
Истовремено, документот ги следи упатствата утврдени во потполно нова генерација на регулативи коишто се специјално создадени за периодот на долгорочно планирање по 2020 година.

Предлог за регулатива на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на заеднички одредби за распределба на средства[5] и Предлог за регулатива на Европскиот парламент и

[3] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A12007L%2FTXT

[4] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=LEGISSUM%3Al33501

[5] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=COM%3A2018%3A0375%3AFIN

## на Советот за Европскиот фонд за регионален развој и на Кохезискиот фонд[6]

Богатото искуство стекнато во текот на претходните програмски периоди ѝ дава на ЕУ знаење и визија со коишто во тековната програма ќе формулира нова политика којашто е поблиска до луѓето и проблемите со коишто тие се соочуваат. Основните принципи опфатени во политичкиот договор во врска со Регулативата за заеднички одредби[7] за фондови за заедничко управување се:

- насочување на јавните инвестиции кон попаметна, позелена и посоцијална Европа;
- партнерство коешто вклучува тесна соработка на европско, национално, регионално и локално ниво како важен елемент во секоја фаза од спроведувањето на финансирањето на ЕУ;
- поголема флексибилност за трансфери во рамките на фондовите за кохезивна политика, а и помеѓу регионите, истовремено штитејќи ги распределувањата за оние што се најмалку развиени;
- рационализирана и стратешка содржина на програмите итн.

Територијалната стратегија за интегрирани мерки што треба да се финансираат во рамки на програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ–ИПА меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија за 2021–2027 година се развива врз основа на *член 22* од регулативата за заеднички одредби. Ги содржи елементите наведени во *член 23* од Регулативата. Во согласност со *член 4*, овие фондови даваат финансиска помош за петте заеднички цели на политики (ЦП), коишто се детално разјаснети во член 2 од Алатката за управување, со соодветните специфични цели (СЦ) за Европскиот фонд за регионален развој и Кохезискиот фонд:

## ШЕСТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2019–2024 ГОДИНА[8].

Во јуни 2019 година, Европскиот совет усвои нова агенда за ЕУ за следните пет години: „Нова стратешка агенда за 2019 – 2024 година“, во којашто се дефинирани приоритетните области на нејзината работа. Приоритетите на Комисијата (ПК) се резултат на дијалогот помеѓу лидерите на ЕУ, министрите на земјите членки, институциите на ЕУ и политичките групи на Европскиот парламент.

## ТЕРИТОРИЈАЛНА АГЕНДА 2030 – ИДНИНА ЗА СИТЕ ТЕРИТОРИИ[9]

Територијалната агенда 2030 дефинира две главни цели: **Праведна Европа** и **Зелена Европа**, секоја со по три развојни приоритети (П).

## ПОДГОТОВКА ЗА ИНТЕРРЕГ ПО 2020 ГОДИНА[10]

[6] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=COM%3A2018%3A372%3AFIN

[7] Док. 9511/18 + ДОДАТОК 1. Регулативата за заеднички одредби утврдува заеднички одредби за седум фондови за заедничко управување: Кохезиски фонд, Европски фондови за поморство и риболов, Европски фонд за регионален развој, Европски социјален фонд плус, Фонд за азил и миграција, Инструмент за управување со граници и визи и Фонд за внатрешна безбедност.

[8] https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/european-green-deal_en

[9] Територијална агенда 2030, https://www.territorialagenda.eu/home.html

[10] Подготовка за Интеррег по 2020 година, https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/policy/communication/regional_offices/reg_offices_25-09-2019_interreg.pdf

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

### НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА БУГАРИЈА ДО 2030 ГОДИНА[11]

Стратешките цели утврдени во Програмата се: забрзан економски развој, демографски подем и намалување на нееднаквоста.

Нивната реализација е предвидена со помош на пет меѓусебно поврзани и интегрирани развојни оски; тековната стратегија вклучува приоритети во областите на образование и вештини; циркуларна економија со ниска стапка на јаглерод; зелена и одржлива Бугарија; дигитална поврзаност; локален развој; социјална инклузија.

### НАЦИОНАЛЕН КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2013 – 2025 (АЖУРИРАНО ВО 2019 ГОДИНА)[12]

Националниот концепт, со своите три стратешки цели за територијална, економска и социјална кохезија, е поддржан преку конкретни цели и приоритети, меѓу кои:

- Интеграција во европскиот простор
- Полицентричен територијален развој
- Регионална конкурентност што промовира раст

### СТРАТЕГИЈА ЗА ИНТЕГРИРАН ТЕРИТОРИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН[13]

Стратешките приоритети се: промовирање на иновативна и паметна економска транзиција; задржување и развој на човечкиот капитал; и подобра поврзаност. Специфична цел 3.5. „Зајакнување на перспективите за прекугранична соработка“ директно влијае на претставениот документ.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

Документите наведени овде се детално разработени; тие претставуваат сеопфатна слика за моменталната состојба и јасно и недвосмислено ги посочуваат идните потреби и развојните приоритети.

### СТРАТЕГИЈА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021 – 2031 ГОДИНА[14]

---

[11] https://www.minfin.bg/bg/1394

[12] https://www.mrrb.bg/bg/aktualizaciya-na-nacionalnata-koncepciya-za-prostranstveno-razvitie-za-perioda-2013-2025-g/

[13] https://www.mrrb.bg/bg/proekt-na-integrirani-teritorialni-strategii-za-razvitie-na-regionite-za-planirane-ot-nivo-2-za-perioda-2021-2027-g/

[14] https://mls.gov.mk/mk/%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98/2214-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%BD%D0%B0 %D1%80%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-2021-2031

Значително зајакната политика за регионален развој, порамномерно развиени, економски и еколошки одржливи и конкурентни плански региони преку доследно применета паметна специјализација и посилна стимулација на приватните инвестиции во синергија со јавните.

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026 ГОДИНА[15]

Постигнување одржлив економски развој преку големи инвестиции, подобро опкружување за дистрибуција и зајакнување на конкурентноста, привлекување странски и стимулирање на домашни инвестиции, вклучително и трансфер на искуство, знаење и најдобри практики.
Постепено прилагодување на знаењата, вештините и компетенциите на работната сила според потребите на пазарот и инвеститорите.
Развој на претприемништво, мали и средни претпријатија, бизнис инкубатори, акцелератори и претприемничка инфраструктура.
Развој на рурален и алтернативен туризам.

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026 ГОДИНА[16]

Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку подобрување на нејзините вештини и компетенции и создавање услови за квалитетно образование. Вклучувајќи: формирање на регионални центри за стручно образование и обука, унапредување на образованието за стари лица, подобрување на дигиталните вештини, поддршка за применети истражувачки активности во високото образование.
Интегриран систем за управување со отпад и промоција на циркуларната економија, преку подигање на свеста и обука за правилно управување со отпад, поддршка на пилот проекти за циркуларна и зелена економија.
Справување со ефектите од климатските промени, одржливо управување со остатоците од културите и промовирање на енергетската ефикасност.
Градење капацитети и поддршка за претприемништво од страна на младите и ранливите групи во руралните средини, зачувување и развој на традициите, културата и занаетчиството во руралните средини, развој и промоција на руралниот туризам.
Подобрување на квалитетот на животот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачјата во фаза на силна депопулација, спроведување социјални и културни активности во селата

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026[17]

---

[15] https://northeastregion.gov.mk/web/wp-content/uploads/2021/04/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%BD%D0%B0-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BE%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%87%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD-2020-2024-f.pdf

[16] Програма за развој на Источен плански регион 2021 – 2026 година/Центар за развој на Источен плански регион

[17] https://southeast.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%BD%D0%B0-%D0%88%D1%83%D0%B3%D0%BE%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD-2021-2026.pdf

Развој на претприемништвото, унапредување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање поволна клима за инвестирање. Зголемување на вештините и претприемачкиот капацитет во регионот со посебен фокус на жените и младите; создавање мрежа на организации за поддршка на старт-ап и промовирање на претприемништвото; создавање бизнис инкубатор за компании со посебен фокус на компании основани од жени и млади претприемачи; создавање мрежа на ментори за поддршка на постоечките мали и средни претпријатија, промовирање и подобрување на општествената одговорност на бизнис заедницата

Развој и популаризација на регионот како атрактивна туристичка дестинација модернизација на планинарски домови и приватно сместување во регионот; промоција на туристичката понуда на регионот; промоција и поддршка на различни видови туризам (езерски, бањски, рурален, културен и религиски, активен, здравствен, за настани, конференциски, за лов, за вино); едукација за заштита на природното и културното наследство на регионот; подобрување на капацитетот на човечките ресурси во туристичкиот сектор.

Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот, создавање работна сила според потребите на пазарот на трудот;

Промоција и брендирање на земјоделски производи и преработки од регионот; диверзификација на економските активности во руралните средини;

Промовирање на кружната и зелена економија: создавање регионален систем за интегрирано управување со отпад.

Развивање на претприемништвото и индустријата, промовирање на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање погодна клима за инвестирање.

## *АНАЛИЗА*

## *УТВРДЕНИ ПОТРЕБИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ*

Како резултат на анализата на моменталната состојба, мета-анализите на стратешките документи на европско, национално и регионално ниво и земајќи ги предвид специфичностите на територијата којашто се разгледува, се обидовме да го претставиме целиот опсег и разновидност на потребите и потенцијалите за развој.

Идните структурни интервенции во клучните тематски области дефинирани со нивните заеднички и/или меѓусебно компатибилни карактеристики се алатка за користење на прекуграничната соработка при унапредување на социоекономската кохезија и развојот на регионот.

Примената на избалансиран и интегриран пристап, насочен кон решавање на специфичните територијални потреби, е од клучно значење за постигнување на синергични и одржливи крајни резултати за отстранување на нерамнотежата во развојот на територијата.

Областа на прекугранична соработка, гледана сама по себе, претставува цел универзум на заостанати проблеми во различни сфери коишто генерираат негативен збир, што доведува до продлабочување на веќе акутните проблеми и има вкупно негативно влијание врз сите области.

Со цел да се постигне сеопфатен позитивен кумулативен ефект, препорачливо е да се обезбеди спроведување на неопходниот минимум насочени територијални интервенции во

различни сфери.
Нивниот интегриран резултат со својот долгорочен ефект ќе може да ја смени насоката на тековните трендови, насочувајќи ја територијата на пат кон долгорочна социоекономска стабилност и одржлив развој.

***Идентификувани потреби (ИП)***

**ИП1.** развивање заедничка визија за ПГС на регионот со долгорочна перспектива со употреба на алатки и практики за да се обезбеди широко учество на јавноста, земајќи ги предвид специфичните предизвици карактеристични за граничните подрачја со трети земји;

**ИП2.** насочени интервенции за отстранување на значителните разлики помеѓу населените центри на различни хиерархиски нивоа во територијалната структура, со цел решавање на проблемот со депопулацијата преку примена на пакети на интегрирани мерки за задржување на населението;

**ИП3.** рамномерен развој на деловното опкружување во ПГС регионот преку насочена поддршка и за помалку развиените региони и за започнувањето на високотехнолошки индустрии со висока додадена вредност;

**ИП4.** зголемување на привлечноста на ПГС регионот за странски директни инвестиции;

**ИП5.** промовирање на претприемништвото преку подобрување на деловното опкружување со користење на расположиви локални ресурси;

**ИП6.** МСП, со акцент на семејните бизниси, се издвојуваат како водечки фактор за одржлив социоекономски развој преку поддршка/зголемување на компетентноста на МСП за учество во европски и национални програми за финансирање;

**ИП7.** потреба за зголемување на конкурентноста на МСП преку подигнување на нивните квалификации и стекнување клучни вештини за лидерство, менаџмент, маркетинг, дигитална писменост и други компетенции;

**ИП8.** зголемување на ресурсите и енергетската ефикасност на МСП и поддршка за воведување модели на циркуларна економија;

**ИП9.** Континуирано технолошко обновување на МСП со нови знаења и вештини, машини, софтверски производи и воведување дигитална технологија;

**ИП10.** подобрување на корпоративната култура на соработка помеѓу МСП, вклучувајќи нивно заедничко учество во проекти и програми за коишто е потребно надворешно финансирање и решавање на заеднички предизвици во високо конкурентно опкружување;

**ИП11.** поддршка за претприемачи и ангажирана работна сила за подигнување на нивните квалификации, што вклучува истражување на пазарот, подобрување на постојните и воведување нови индустрии и маркетинг на производите на МСП на домашниот и странскиот пазар;

**ИП12.** мерки за решавање на прашањето за недостиг на квалификуван персонал и подигнување на квалификациите на извршниот и високиот менаџерски персонал преку континуирано образование, оспособување и преквалификација во согласност со потребите на деловниот сектор;

**ИП13.** територијално фокусирани мерки за решавање на невработеноста во проблематичните области во ПГС регионот, за да се поттикнат економски неактивните лица да бараат вработување и да се поттикне деловниот сектор да создава работни места;

**ИП14.** максимално искористување на можностите за инвестирање и развој благодарение на тоа што Коридорот бр.8 минува низ ПГС регионот;

**ИП15.** обезбедување инвестиции за модернизација на постојните и/или изградба на нови локации и објекти на инженерската и транспортната инфраструктура во согласност со локалните потреби: патишта и железнички приклучоци, водовод и канализација, електрична енергија, обновливи извори, безбедносни и сигурносни објекти, телекомуникации со цел да се подобри можноста за целосезонски туризам;

**ИП16.** подобрување на територијалната поврзаност со отворање нов граничен премин, Клепало, поврзување на општините Струмјани и Берово;[18]

**ИП17.** развој на систем за алтернативна мобилност, вклучувајќи мрежа од велосипедски ленти, „земјени“ шумски и селски патишта, мрежа на станици за полнење на е-автомобили, хелиодроми итн.;

**ИП18.** заедничка акција за намалување на националното и прекуграничното загадување на воздухот, почвата и водата;

**ИП19.** заеднички мерки за намалување на емисиите на јаглерод, вклучително и за сезонското загадување и адаптирањето на климатските промени;

**ИП20.** превентивни мерки за да се намали ризикот од пожари, поплави, земјотреси, лизгање на земјиштето и одронување карпи;

**ИП21.** координирана заедничка акција во случај на природни катастрофи или катастрофи предизвикани од човекот;

**ИП22.** координирана акција за собирање, обработка и рециклирање на цврст отпад;

**ИП23.** подобрување на системите за јавно информирање на културните и историски места, природните знаменитости, земајќи го предвид статусот на заштита и можните активности за зачувување на елементи од животната средина за да се врати еколошката рамнотежа;

**ИП24.** насочен развој и одржување на инфраструктурата на културно-историските места и природните знаменитости;

**ИП25.** заедничка акција во областа на размена на културно наследство и подобрување на видливоста на културно-историските институции и настани;

**ИП26.** изедначување на изразито сезонската природа на туристичките услуги во ПГС регионот;

**ИП27.** насочени мерки за промовирање еколошки туризам;

**ИП28.** финансиска поддршка за културни активности и размена на културно наследство;

**ИП29.** интегрирање на културните наследства и природните знаменитости во понудата и развојот на туристичките производи;

**ИП30.** заеднички мерки за ублажување на ранливоста на услугите во туристичкиот сектор поради пандемиските и епидемиските ситуации;

**ИП31.** зголемување на сигурноста и безбедноста на туристичките места и дестинации.

---

[18] The project is included in the Cross-Border Cooperation Program

*Потенцијали за развој (ПР)*

**ПР1.** стабилен тренд на одржлив економски раст, соодветни ресурси за економска диверзификација и зголемена активност на МСП;

**ПР2.** релативно добра територијална заситеност со образовна инфраструктура, постоење на центри за високо образование, како и безбеден пристап за населението до сите нивоа на образование;

**ПР3.** релативно добра територијална заситеност со социјални и основни здравствени услуги;

**ПР4.** постоење на богато културно и историско наследство со широк спектар на културни и историски споменици и локалитети, слични занаети, традиции и обичаи;

**ПР5.** разновидна природна средина со своја уникатна флора и фауна и природни обележја;

**ПР6**. фактот што културниот коридор Софија–Охрид минува низ ПГС регионот и се наоѓа во близина на патот Виа Диагоналис којшто ја поврзува Јужна Европа со Азија и локалитетите што тие ги поврзуваат;

**ПР7.** еден од клучните коридори на мрежата ТЕН-Т (Ориент/Источен Медитеран) минува низ ПГС регионот, вклучително и со своите разгранувања до трети земји;

**ПР8.** постоење на три целосно функционални гранични премини;

**ПР9.** релативна приближност на ПГС регионот до меѓународните аеродроми во Софија и Скопје;

**ПР10.** можност за создавање регионален туристички производ заснован на природни добра, културно наследство, минерални извори и релативно добра туристичка инфраструктура;

**ПР11.** можност за зголемување на конкурентноста преку промовирање развој на одржлив, за сите сезони и високо квалитетен туризам;

**ПР12.** можност за унапредување на локалните занаети и услуги преку нивно приспособување на моменталната состојба на пазарот.

## *ВИЗИЈА, ЦЕЛИ, МЕРКИ*

***ВИЗИЈА:*** ***Прекуграничниот регион на соработка во рамки на Република Бугарија и Република Северна Македонија: место за консолидација и стабилност на културната и историска реалност преку заеднички напори за заемно корисна соработка, социоекономска кохезија и одржлив развој***

Оваа визија ќе се постигне со формулирање и последователно спроведување активности коишто имаат максимално влијание врз делотворноста на кохезивната политика. Територијалните алатки што се користат за постигнување на Целта на политиката 5 (ЦП5) може во себе да комбинираат активности финансирани преку кои било други и цели на политики, што пак, овозможува да се примени вистински мултисекторски интегриран пристап адаптиран на локалните барања.

Синергијата при примената на различни алатки ќе овозможи да се постигне сеопфатен кумулативен ефект. За таа цел, ќе се гарантира спроведување на неопходниот минимум на територијално насочени интервенции во разни области. Целиот процес ќе се заснова врз

управување на повеќе нивоа, преку вклучување на сите надлежни нивоа (следејќи пристап „оддолу-нагоре“, во тесна соработка со програмските структури) во согласност со принципите на партнерство.

**Интегрираниот пристап** при решавање/работа на потребите и потенцијалите на територијата во развиената стратегија се манифестира преку три главни аспекти:

- ✓ територија дефинирана врз основа на постигнувањето одржливи резултати во поглед на заедничките потреби и потенцијали за развој;
- ✓ учество на широк спектар на партнери во целиот процес на изготвување, дискусија, усвојување и спроведување на стратегијата;
- ✓ пакет меѓусебно поврзани и комплементарни (интегрирани) мерки засновани врз тесна координација помеѓу различните јавни политики според локалните специфики, коишто ги исполнуваат локалните потреби и потенцијали за развој и носат заеднички придобивки за партнерите и регионот.

**Приоритетните области за интервенција** коишто се утврдени преку анализа на потребите и потенцијалите, се следниве:

- социоекономски развој и кохезија;
- инфраструктурни и погранични аспекти;
- заштита на животната средина и зачувување на биодиверзитетот;
- културно и историско наследство и туризам.

**Крајниот исход од спроведувањето на стратегијата ќе биде зајакнување на територијалната кохезија преку рамномерен одржлив развој во прекуграничниот регион меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија.**

Следејќи ја логиката на стратешки контекст, како и наодите од анализата, се применуваат принципите на структурирање, т.н., „дрво на целите“. Се создава хиерархиска структура од три нивоа која се состои од: ***стратешка цел (СЦ), специфични цели (СпЦ) и мерки за нивно постигнување (М)***.

**SO: Социјален развој и кохезија преку одржлив економски раст заснован на „економија на знаење“ и насочен кон отстранување на значајните разлики помеѓу населените центри на различни хиерархиски нивоа во регионот на ПГС:**

**СпЦ 1.1. Зголемување на конкурентноста на локалната економија и подобрување на деловното опкружување:**

**М 1.1.1.** Зголемување на продуктивниот капацитет на МСП да станат позелени, подигитални и поконкурентни (технолошка модернизација); **ИП3, ИП8, ИП9**

**М 1.1.2.** Подобрување на капацитетот на знаење на МСП да работат во позелена, подигитална и поконкурентна средина (стекнување нови знаења и вештини, вклучително и пристап до надворешни финансии); **ИП6, ИП7, ИП10, ИП12**

**М 1.1.3.** Градење на ефективен процес на развој на производи (ги опфаќа сите чекори потребни за преземање на производот од концепт до достапност на пазарот) и достигнување на нови пазари (маркетинг, претприемништво, интернационализација); **ИП5, ИП11**

**СпЦ 1.2. Културното и историско наследство на Република Бугарија и Република Северна Македонија: предуслов за развој на атрактивен туристички производ за сите сезони, преку паметни решенија коишто обезбедуваат универзален пристап и учество**

**М 1.2.1.** Подобрување на мобилноста и поврзаноста на транспортната и инженерската инфраструктура преку систем на алтернативна мобилност, вклучувајќи мрежа од велосипедски патеки, „неасфалтирани“ шумски и селски патишта, хелиодроми итн.; **ИП15, ИП17**

**М 1.2.2.** Развој и маркетинг на интегрирани регионални туристички производи погодни за разни активности преку вклучување на културното и историското наследство и природните добра; заеднички напори за диверзификација на формите на туристички услуги и реализација на туризам за сите сезони во регионот на ПГС; **ИП27**

**М 1.2.3.** Развој на интегрирани насочени финансиски пакети за поддршка на деловните активности и создавање на нови МСП во туризмот, со фокус на семејните бизниси и понудата на локални туристички производи: вински и кулинарски туризам, рурален еко-туризам, велосипедски туризам, лов и риболов, теренски (off-road) туризам и сл ; **ИП2, ИП6**

**М 1.2.4.** Создавање заедничка мрежа на локации за реализација на концепти како „зелено училиште“, „во земјата“, „посета со ...“, „направено од ...“, итн.; **ИП30**

**М 1.2.5.** Разработка и примена на заеднички мерки за намалување на ранливоста на услугите во туристичкиот сектор од ефектите на пандемскитеи и епидемиски состојби; промовирање развој на здравствениот и рекреативен туризам: производи и услуги поврзани со физички вежби, спортови на отворено, зајакнување на имунитетот и подобрување на здравствената состојба преку бањски процедури, климатска терапија, терапија со кал; комбинирање на кратки патувања од различни видови со индивидуални патувања; **ИП31**

Оваа специфична цел произлегува и од *потребите* и *потенцијалите* формулирани како резултат на СВОТ-анализата и од основните премиси на *Европската рамка за акција за културното наследство*, којашто се потпира на пет „столба“[19]:

**Прв столб:** *Културно наследство за инклузивна Европа:* ***учество и пристап за сите;***

**Втор столб:** *Културно наследство за одржлива Европа:* ***паметни решенија за кохезивна и одржлива иднина;***

**Трет столб:** *Културно наследство за отпорна Европа:* ***зачувување на загрозеното наследство;***

**Четврт столб:** *Културно наследство за иновативна Европа:* ***мобилизирање на знаењето и истражувањето;***

**Петти столб:** *Културно наследство за посилни глобални партнерства:* ***зајакнување на меѓународната соработка.***

***Хоризонтална политика***

19 https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/5a9c3144-80f1-11e9-9f05-01aa75ed71a1

Секоја поддржана интервенција треба да вклучува компонента која придонесува за заштита на животната средина и биодиверзитетот или обезбедува зелени решенија. Така, зелената политика станува составен дел од интегрираниот територијален развој.

Предвидените мерки на Стратегијата не опфаќаат дел од овие потреби, бидејќи тие се поврзани со спроведувањето на политиките за решавање на прекугранични и транснационални прашања од повисок хиерархиски поредок, или пак, со други стратегии или секторски политики.
Интегрираните мерки за рамномерен територијален развој формулирани овде не може да бидат самостојни или фрагментирани. Нивната одржливост и ефективност се поврзани со исполнување на барањата за одржливост на биолошката средина.

✓ Подигањето на свеста за состојбата на животната средина и влијанието на климатските промени врз животот на планетата, здравјето на луѓето и биодиверзитетот би придонело за ублажување на негативните ефекти од климатските промени и предвидливите природни непогоди од прекугранична природа. **ИП23**

✓ Територијално-ориентираните мерки формулирани погоре, насочени кон постигнување на двете специфични цели во контекст на подобрување на мобилноста на работната сила и отстранување на значајните разлики помеѓу популациските центри мора да се поддржат со еколошки иницијативи: модернизација на возниот парк, возила кои не загадуваат, јавен превоз, заедничко патување итн.; **ИП17**

✓ Намалување на локалното и прекугранично загадување на воздухот и струењата и сливовите на водата; поттикнување употреба на алтернативни греачи и горива (освен цврсто гориво); зголемување на уделот на собраниот, преработен и рециклиран отпад од домаќинствата и учеството на населението што користи услуги за третман на отпад, исто така, се од голема важност за постигнување одржлив раст; **ИП18,ИП19, ИП22**

- ***Визијата на Стратегијата*** има долг временски хоризонт и претставува едно од највисоките хиерархиски нивоа, а произлегува од заедничката политика за кохезија, интеграција и одржлив развој на граничните области помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија;
- ***Стратешката цел*** е највисокото хиерархиско ниво при разложувањето на целта. Стратешката цел е формулирана како резултат на насочена тематска анализа и приоритетните области на интервенција кои произлегуваат од неа;
- ***Специфичните цели*** го формираат следното хиерархиско ниво. Тие се формулирани врз основа на потребите и потенцијалите идентификувани во анализата. Целосното постигнување на специфичните е неопходен и доволен предуслов за реализација на релевантната стратешка цел. Тие се врзани со показатели за перформанс коишто ја покажуваат мерливоста/односот помеѓу почетната и крајната вредност.
- ***Мерките (СМАРТ)*** се специфични синергиски активности чија кумулативна целина е средство за постигнување на специфичните цели. Тие се во темелот на целата пирамида на организациски, временски и просторни елементи кои се материјализираат преку проекти и интервенции, за на крај да овозможат постигнување на стратешката цел.

**СМАРТ:**

- **Специфични:** поврзани со потребите и потенцијалите за развој на територијата и се прецизно дефинирани во анализата.
- **Мерливи:** може да се измерат преку одредување на соодносот помеѓу почетната вредност на показателот/ите, вредноста на показателот/ите што се очекува без интервенција и постигнатата вредност на соодветен показател, или пак, преку споредба на индивидуални показатели.
- **Остварливи:** обезбедените средства и тековниот процес на реализација на конкретната цел преку развивање на тековната стратегија се доказ за нејзината остварливост.
- **Релевантни:** помагаат да се задоволат потребите и потенцијалите за развој на територијата коишто се конкретно дефинирани во анализата, со што придонесуваат за кумулативниот ефект на мерките интегрирани во целиот пакет, а истовремено се поврзани со постигнување на другите специфични цели на европско, национално и регионално ниво.
- **Базирани на време:** мора да се постигнат во одреден временски период со цел да се спроведе стратегијата.


СТРАТЕШКИ КОНТЕКСТ
МУЛТИФАКТОРСКА АНАЛИЗА
СВОТ-анализа Географски карактеристики и животна средина
СВОТ-анализа Демографски карактеристики и пазар на труд
СВОТ-анализа Аспекти на социоекономскиот развој
СВОТ-анализа Транспортна и инженерска инфраструктура
СВОТ-анализа Културно-историско и природно наследство и туризам
ПОТРЕБИ/34
ПОТЕНЦИЈАЛИ/12
ВИЗИЈА: Територијата на регионот на ПГС на Република Бугарија и Република Северна Македонија: место за консолидација и стабилност на културната и историска реалност преку заеднички напори за заемно корисна соработка, социоекономска кохезија и одржлив развој
Стратешка цел: Социјален развој и кохезија преку одржлив економски раст заснован на „економија на знаење“ и насочен кон отстранување на значајните разлики помеѓу населените центри на различни хиерархиски нивоа во регионот на ПГС
СпЦ 1.1.
Зголемување на конкурентноста на локалната економија и подобрување на деловното опкружување
СпЦ 1.2.
Културното и историско наследство на Република Бугарија и Република Северна Македонија: предуслов за развој на атрактивен туристички производ за сите сезони, преку паметни решенија коишто обезбедуваат универзален пристап и учество
Пакет интегрирани мерки
Пакет интегрирани мерки
ДОЛГ СПИСОК НА ОПЕРАЦИИ
СПИСОК НА ОПЕРАЦИИ ШТО ЌЕ СЕ ПОДДРЖАТ

Стратешката цел, конкретните цели и мерките формулирани во стратегијата и нивната хоризонтална проекција во регионот на ПГС се поддржани и рационализирани во стратешките документи и студии што се од фундаментално значење за европските развојни политики и се применуваат со моделот на интеракција илустриран овде:

1. Преземање чекори за да се осигури дека граѓаните на ЕУ ги имаат потребните вештини за успех на пазарот на трудот, како фактор од клучно значење за зголемување на економскиот раст и вработувањето во ЕУ.
Европски совет, Совет на Европска Унија
https://www.consilium.europa.eu/bg/policies/education-economic-growth/

2. Економија што работи за народот
Поединците и деловните субјекти во ЕУ може да напредуваат само ако економијата работи за нив. Единствената социјална пазарна економија на ЕУ овозможува економски раст и намалување на сиромаштијата и нееднаквоста.
За оваа цел, од големо значење е зајакнувањето на малите и средни претпријатија што ја сочинуваат основата на европската економија.
Европска комисија, Приоритети 2019 – 2024
https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/economy-works-people_bg

3. Климатските промени и влошувањето на животната средина се закана за самото постоење на Европа и светот.
Европска комисија, Приоритети 2019 – 2024
https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/european-green-deal_bg
Биолошката разновидност е фактор што придонесува за животот. Таа е од исклучителна важност за луѓето поради тоа што е поврзана и со заштитата на животната средина и со климата. Биолошката разновидност е од клучно значење за заштита на човековото здравје и за поддршка на економијата.
Европски совет, Совет на Европска Унија
https://www.consilium.europa.eu/bg/policies/biodiversity/

4. Климатските промени и влошувањето на животната средина се закана за самото постоење на Европа и светот. За да се справи со тие предизвици, на Европа ѝ е потребна нова стратегија за раст насочена кон претворање на Европската унија во модерна и конкурентна економија со ефикасни ресурси.
Европска комисија, Приоритети 2019 – 2024
https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/european-green-deal_bg

5. Колку подолго испитаниците остануваат дел од образовниот систем, толку е поголема веројатноста да бидат запознаени со „Натура 2000“ (38 % наспроти 17 %). Процентот на луѓе кои слушнале за „Натура 2000“ и знаат за што се работи варира помеѓу 18 % од оние кои го напуштиле образовниот систем на 20-годишна возраст или помлади, а само 3 % од оние кои го напуштиле пред 15-годишна возраст.
Истражување на ставовите на јавноста за биолошката разновидност.
https://ec.europa.eu/commfrontoffice/publicopinion/index.cfm/Survey/getSurveyDetail/instruments/SPECIAL/surveyKy/2194

6. Климатските промени и влошувањето на животната средина се закана за самото постоење на Европа и светот.
Европска комисија, Приоритети 2019 – 2024
https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/european-green-deal_bg

Биолошката разновидност е фактор што придонесува за животот. Таа е од исклучителна важност за луѓето поради тоа што е поврзана и со заштитата на животната средина и со климата. Биолошката разновидност е од клучно значење за заштита на човековото здравје и за поддршка на економијата.
Европски совет, Совет на Европска Унија
https://www.consilium.europa.eu/bg/policies/biodiversity/

7. Главната цел на сите јавни политики треба да биде подобрување на благосостојбата и квалитетот на животот на населението. Тие ги надминуваат економските резултати, животниот стандард и чисто материјалните аспекти, вклучително и пристапот до квалитетни здравствени услуги, слободата на движење и здравата, одржлива и квалитетна урбана средина. Тие, исто така, имаат територијална димензија којашто варира во зависност од разликите помеѓу соседствата, во поглед на социјалното исклучување и урбаната сиромаштија, како и разликите помеѓу регионите и земјите.
Територијална агенда 2030
https://www.territorialagenda.eu/home.html

8. Благосостојбата на руралните области зависи од нивниот капацитет да го искористат човечкиот потенцијал и да ги искористат локалните ресурси; истовремено, факторите поврзани со локацијата стапуваат на сцена, правејќи ги животот и економските услови таму попривлечни за луѓето и деловните субјекти.
Во областите што се далеку од поголемите градови, средните градови и помалите градови се оние коишто играат клучна улога во обезбедувањето пристап до услугите, осигурувајќи дека овие области ќе останат привлечни места за живеење.
Европски економски и социјален комитет
https://www.eesc.europa.eu/en/our-work/opinions-information-reports/opinions/towards-more-balanced-territorial-development

9. Економскиот просперитет на локално ниво зависи од конкурентноста и креативноста на релевантните претпријатија и старт-ап компании, како и од локалните средства, карактеристики и традиции, културниот, социјалниот и човечкиот капитал и капацитетот за иновации.
Територијална агенда 2030
https://www.territorialagenda.eu/home.html

10. Процесите на индустриска симбиоза во регионалните синџири на вредности се исто така важни. Транзицијата на европските економии кон локално базирана, циркуларна и климатски неутрална економија има територијална димензија и може да ја зајакне функционалноста на регионот.
Територијална агенда 2030
https://www.territorialagenda.eu/home.html

11. Добро избалансиран територијален развој значи порамномерно и одржливо користење на природните ресурси, што пак, носи економски придобивки во форма на помало преоптоварување и пониски трошоци.
Европски економски и социјален комитет
https://www.eesc.europa.eu/en/our-work/opinions-information-reports/opinions/towards-more-balanced-territorial-development

12. Природното и културното наследство се локални средства за регионален развој што нудат единствени можности за развој и квалитетна животна средина. Одржливото и

| |
|---|
| ефикасно користење на ресурсите мора да биде од корист за локалните заедници, истовремено промовирајќи локални деловни можности.<br>Territorial Agenda 2030, https://www.territorialagenda.eu/home.html |

## ТЕРИТОРИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И ЗОНИ ЗА ИНТЕНЗИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Целта за задоволување на идентификуваните потреби преку зајакнување на полицентричниот модел на развој, а со тоа и за намалување на просторната нерамнотежа лежи во основата на територијалната кохезија на мерките интегрирани во мултисекторскиот пакет. Приоритетите на Територијалната агенда 2030, приспособени на контекстот во националните и регионалните стратешки документи, ја одредуваат клучната улога на полицентричните мрежи на градовите како двигатели на економскиот и социјалниот развој. Се нагласува важноста на малите и средни градови за „регионален економски развој, социјална благосостојба и соодветен пристап до услуги“ на локално ниво.

Јадрото на полицентричната мрежа на развиената територија се состои од пет големи урбани центри (Куманово, Ќустендил, Штип, Благоевград, Струмица) и урбаните оски коишто ги поврзуваат. Околу ова јадро е развиена мрежа на помали центри со општински и надопштински функции.

Иако територијата во рамки на географскиот опсег на стратегијата ја карактеризираат заеднички потреби и потенцијали за развој, сепак приспособениот пристап кон интервенциите којшто е потемелно поврзан со специфичностите во локален контекст, овозможува да се идентификуваат зоните на интензивна интервенција во него. Во рамките на нивниот делокруг, се очекува дека поинтензивната имплементација на некои од интегрираните мерки во целокупниот пакет ќе даде подобар резултат и ќе донесе повеќе опипливи придобивки на целата територија. На овој начин, предвидените и спроведените мерки во целата функционална област за којашто се развива стратегијата ја зголемуваат не само својата ефикасност, туку и делотворноста на пакетот интегрирани мерки во целост.

Исто така, секоја од нив содржи два центри за развој на повисоко ниво (поголеми градови) и на тој начин е поврзана со јадрото на полицентричната мрежа. Оваа поврзаност не само што има просторна димензија, туку има и функционална димензија — во поголемите и поразвиените градови е полесно да се постигнат резултати во областа на новите технологии (зелена, циркуларна, дигитална) и таму најверојатно ќе бидат преземени првите чекори и ќе се поттикне развој на целата територија.

Зоните се преклопуваат или се пресекуваат едни со други. Различните градови и териториите околу нив спаѓаат во неколку различни зони истовремено, што го одредува нивниот профил во смисла на интензитетот на различните интервенции.

Појавата на функционални зони има свое логично образложение и е природен резултат на извршената анализа. Сличните карактеристики на соседните територии од двете страни на границата, со слични ресурси, предности и недостатоци концентрирани во нив, природно посочуваат каде треба да се дефинираат областите на интервенција на Стратегијата.

Зона на Европски зелен појас[20] – зона одредена преку зголемениот придонес на природното наследство во рамномерен и одржлив социоекономски развој. Спроведување на превентивни заеднички иницијативи за создавање зелени појаси и заштитни предели;

[20] The map (https://www.europeangreenbelt.org/european-green-belt/) shows the 25 km range of the European Green Belt, but the 50 km buffer covers the entire CBC area. That is why the measures and the following operations proposed by the team are considering the conditions for ecological compliance and protection of ecosystems.

контрола на елементите на екосистемот со цел заштита и зачувување на животната средина, биолошката разновидност и зелената инфраструктура, истовремено намалувајќи ги сите форми на загадување. Овде водечките центри се Ќустендил и Струмица, коишто ќе послужат не само како врска со полицентричната мрежа, туку и како две различни јадра за примена и ширење интервенции и иновации што ги следат еколошките („зелени“) цели во рамки на мерките на *Стратегијата*. Преку нив ќе се даде поттик за развој на целата област во сферата на зелената инфраструктура и циркуларната економија.

Зона на активна транспортна комуникација. Оваа зона се карактеризира со функционална комуникација заради постојните транспортни врски. Интервенциите во неа ќе бидат насочени кон надградба на постојните и изградба на нови места и објекти на транспортната инфраструктура, со цел обезбедување на поврзаност и отстранување на постојните разлики помеѓу популациските центри на различни хиерархиски нивоа во територијалната структура. Градовите Куманово и Ќустендил се наоѓаат долж главната комуникациска рута што се протега низ областа за имплементација на *Стратегијата* и ги поврзува главните градови Софија и Скопје. Така, тие се позиционирани да ја преземат улогата на логистички економски центри за подобрување на средината за живеење во рамки на зоната и за промовирање на кохезија со помали популациски центри, што пак, ќе го поттикне нивниот развој преку подобрени прекугранични функционални врски не само во сферата на економијата, туку и на образованието, социјалните услуги, туризмот, вработувањето итн.

Отворањето нов граничен премин би довело до проширување на таа зона и забрзан интензивен развој на прекуграничната област. Предвидениот развој на алтернативен систем за мобилност е чекор кон зајакнување на „зелениот“ ефект на *Стратегијата* и постигнување рамномерен и одржлив развој на територијата.

Градовите како центри на знаење – Благоевград и Штип се академски центри на територијата за којашто станува збор.

Образованието и науката се основни за развојот на знаењето. Без потценување на можностите на другите области, стратегијата ќе се обиде да го искористи потенцијалот на воспоставените образовни центри. Со ова е усогласена пораката на стратешката цел. Повторно, зборот „Центар“ се користи во смисла на „центар на знаење“ - извор на ширење на мерките и идните операции на целата област на ПГС. Како што е наведено во стратешката цел „Социјален развој и кохезија преку одржлив економски раст заснован на „економија на знаење“ и насочена кон порамнување на значајните разлики помеѓу центрите на население на различни хиерархиски нивоа во регионот на ПГС“, идните интервенции ќе се бараат главно надвор од големите градови, барајќи ја толку посакуваната кохезија.

Високообразовните институции во двата града, како извор на знаење, може да имаат исклучително позитивно влијание врз спроведувањето на мерките под двете специфични цели за целата зона. Прекуграничната соработка на академско ниво може да помогне во подигнување на свеста, знаењето и образовниот статус на локалното население, коешто на тој начин ќе добие поддршка за квалитетно вработување, поголеми можности за професионално напредување и конкурентност на пазарот на трудот. Истовремено, може да се организираат соодветни кампањи за подигање на јавната свест за да се подигне мотивацијата на „локалното население“ за заштита и зачувување на природните, културните и историските добра во областа, со цел да се промовира цело-сезонскиот туризам. Интеракцијата помеѓу универзитетите од двете страни на границата во сферата на заштитата, истражувањето, обновувањето и зачувувањето на историските артефакти на

територијата и зачувувањето на нејзините природни добра претставува нов опсег за неговиот развој, нудејќи нови можности и перспективи. Академската соработка е важен фактор во времиња кога се бараат „паметни“ и иновативни решенија и може да има многу поволно влијание врз развојот на целата „зона на интервенција“.

Зона на интервенција — целата територија што ја опфаќа *Стратегијата* се состои од урбани области, индустриски зони и деградирани земјишта, области со туристички потенцијал (историски, културни, природни, итн.), кои обезбедуваат широк спектар на можности и слабости.

**Специфична цел 1: Зголемување на конкурентноста на локалната економија и подобрување на деловното опкружување:**

Промовирање на социјално претприемништво, раст на услужниот сектор и обезбедување на услови за создавање работни места и самовработување се едни од основните мерки за постигнување на таа цел.

Обезбедувањето можности за соработка, вклучително и прекугранична, помеѓу институциите за образовна и стручна обука и деловниот сектор го поддржува професионалниот развој на младите. Имплементацијата на двојното образование, развојот на иновативни пристапи кон стручна обука, учење од далечина и специјализирано образование се погодни за развој на флексибилни системи за самостојно и корпоративно вработување. Се создаваат услови за развој на работни вештини и подобрување на мобилноста на трудот во ПГС регионот.

Постигнувањето на оваа специфична цел ќе придонесе за успешна реализација на стратешките цели со кои одржливиот социоекономски развој се заснова на „*економија на знаење*“.

**Специфична цел 2. Културното и историско наследство на Република Бугарија и Република Северна Македонија: предуслов за развој на атрактивен туристички производ за сите сезони, преку паметни решенија коишто обезбедуваат универзален пристап и учество**

Туристичката сфера е можеби една од најсеопфатните стратешки области на прекугранична соработка, а културните, историските и природните добра, бројните духовни места и места за богослужба од двете страни на границата коишто се поврзани со заедничка вера, се почетна точка за кохезија и заеднички развој.

Добрата дигитализација е важна за луѓето да бидат запознаени со процесите, создавајќи конкурентно деловно опкружување; тоа е предуслов за „затворање на циклусот“ и изнаоѓање пазар за мали и средни (семејни) бизниси, за развој на услужна индустрија, занаетчиство, „чиста“ индустрија и зајакнување на циркуларната економија. Културните и духовните потреби, науката и образованието на сличен начин наоѓаат ново поле за манифестација во дигиталниот простор. Дигиталните музеи, галерии, училишта и научни платформи се зајакнуваат и стануваат сè почест дел од нашето секојдневие. Ова е особено точно во услови на пандемија. Промената веќе пристигна: „новото нормално“ поместува дел од нашите животи во дигиталната реалност на нов вид на поврзување, преку виртуелна комуникација на повеќе нивоа.




Мерките според **СпЦ1** и **СпЦ 2** од стратегијата се територијално дефинирани и го опфаќаат целиот регион на ПГС. Првите три зони се линеарни или составени од поединечни точки; тие ја обезбедуваат основата, поттикнувајќи рамномерен и одржлив социјален и економски развој. Целата територија на ПГС во својата географска димензија претставува единствена „функционална зона“: зона на прекугранична соработка.

# *УЧЕСТВО НА ПАРТНЕРИТЕ/ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО ИЗГОТВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА*

## *УПРАВУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ НИВОА И ПАРТНЕРСТВО*

*Делегираната регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 240/2014 од 7 јануари 2014 година за европскиот кодекс на однесување за партнерство во рамките на Европските структурни и инвестициски фондови* (ЕСИФ)[21] која ја објави Европската комисија има за цел да им помогне и олесни на земјите да создаваат партнерства во поглед на договорите за партнерство и програмите кои се спроведуваат со поддршка на ЕСИФ. Партнерството е долгогодишен принцип во работата на ЕСИФ и подразбира тесна соработка помеѓу јавните

[21] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/bg/ALL/?uri=CELEX%3A32014R0240

власти, економските и социјалните партнери и граѓанските организации на национално, регионално и локално ниво во текот на програмскиот циклус којшто се состои од подготовка, имплементација, следење и проценка. Партнерите се вклучени во подготовката и спроведувањето на договорите и програмите за партнерство. За таа цел се воспоставени основните принципи и добри практики за спроведување навремен, детален и транспарентен процес на консултација со партнерите, со цел да се анализираат предизвиците и потребите на кои треба да се одговори, да се изберат цели и приоритети за тие да се надминат, земајќи ги предвид координативните структури и аранжмани за управување на повеќе нивоа коишто се потребни за ефективно спроведување на политиката.

Консултациите со партнерите/засегнатите страни наведени во *член 5* од Регулативата обезбедуваат транспарентно и ефективно вклучување на релевантните партнери, ќе служат за нивна консултација околу процесот и временскиот распоред за подготовката на Договорот за партнерство и програмите, и ќе ги известуваат за содржината на наведените документи и на какви било нивни измени. Што се однесува до консултациите, ќе се земе предвид следново: потребата за навремено откривање и лесен пристап до релевантни информации; потребата за доволно време за партнерите да ги анализираат и коментираат клучните подготвителни документи; потребата за достапни канали преку кои партнерите може да поставуваат прашања, да дадат придонес и, исто така, да бидат информирани за начинот на кој нивните предлози се земаат предвид; потребата за ширење на резултатот од консултациите. Таму каде се воспоставени формални договори помеѓу различните нивоа на влада под национално ниво, земјата-членка ги зема предвид овие договори за управување на повеќе нивоа во согласност со нејзината институционална и правна рамка.

Според членовите 7 и 9 од истата Регулатива, информациите во врска со вклученоста на партнерите/засегнатите страни во Договорот за партнерство, како и во подготовката на програмите вклучуваат: список на партнери; преземени мерки за обезбедување активно учество на партнерите, вклучително и активности преземени во врска со пристапноста; улогата на партнерите; резултатите од консултациите со партнерите и опис на нивната додадена вредност.

## *Улоги и одговорности на партнерите/засегнатите страни*

Улогата на партнерите се нагласува преку учеството на претставници на граѓанското општество, академската заедница, локалните власти, социоекономските субјекти и здруженија итн., како членови на работните групи коишто ги подготвуваат стратешките документи. Учествувајќи во рана фаза тие имаат можност да влијаат на подготовката на документите.

Интегрираната територијална стратегија за потребите на ИНТЕРРЕГ—ИПА програмата за прекугранична соработка за 2021—2027 година меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија е развиена заедно со **Работната група** (**РГ**) основана врз база на горенаведените размислувања, како и во согласност со Делегираната регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 240/2014 од 7 јануари 2014 година. Работната група, која е широко вклучена во сите фази на развој, координација, одобрување и имплементација на стратегијата, обезбедува продолжување на процесот на јавна консултација за подготовка на ИНТЕРРЕГ—ИПА програмата за прекугранична соработка за 2021—2027 година меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија.

Членовите на Работната група се назначуваат според соодветната институционална и законска рамка и во согласност со принципот на партнерство. Работната група е составена од избалансиран број претставници од двете партнерски земји, вклучително и претставници на јавни органи (национални, регионални и локални), економски и социјални партнери, релевантни тела што го претставуваат граѓанското општество, вклучувајќи партнери за животна средина, невладини организации и тела одговорни за промовирање на социјална инклузија, родова еднаквост и недискриминација.

Процесот на изготвување на Интегрираната територијална стратегија започнува со формирање на Работна група составена од релевантни регионални и локални власти и тела, како и од други локални чинители одговорни за подготовка на стратегијата. Консултантот, заедно со Работната група, ја идентификува географската покриеност на документот и развива анализа на потребите и потенцијалите за развој на опфатената територија, врз чијашто основа треба да се адресираат клучните области на интегрирана стратешка интервенција. Консултантот и Работната група, исто така, заедно ја подготвуваат методологијата на Стратегијата, ја одредуваат вклученоста на партнерите/засегнатите страни во нејзината подготовка и имплементација, земајќи го предвид принципот на управување на повеќе нивоа и развиваат методологија за нејзино спроведување, следење и проценка.

Работната група го дискутира и одобрува списокот на операции што треба да се поддржат, којшто е подготвен врз основа на мапирање на можните интервенции за интегриран економски и социјален развој, заштита на културното и природното наследство, одржлив туризам итн., како и врз основа на утврдените целни групи и потенцијалните корисници. Операциите на списокот се групирани, приоритетни и временски ограничени врз основа на транспарентна и јасна методологија и критериуми за избор. Точниот буџет за поддршка на операциите се договара со Работната група.

Работната група активно учествува во координацијата, прегледот и одобрувањето на сите развојни фази на Интегрираната територијална стратегија, обезбедувајќи широк публицитет преку претставување на стратегијата на разни настани (релевантни состаноци на Работната група, регионални консултации и сл.). Конечниот извештај мора да ги одразува коментарите и забелешките добиени за време на процедурите за консултации и одобрување, како и резултатите од Стратешката оцена на животната средина (СОЖС).

Интегрираната стратегија е алатка којашто обликува и води кон имплементација на Приоритетната цел 5, т.е., ја операционализира поддршката за интегриран територијален развој. Стратегијата ги идентификува потребите и предлага интервенции за нивно решавање во согласност со СМАРТ пристапот. Во тесна соработка со Работната група, се подготвува список на операции што треба да се поддржат врз основа на локализирани можни интервенции за интегриран развој на регионот и се идентификуваат целните групи и потенцијалните корисници. Операциите на списокот се групирани, приоритетни и временски ограничени врз основа на транспарентна и јасна методологија. Работната група има улога во секоја фаза од развојот на интегрираната територијална стратегија, освен во подготвителната. Одговорностите на Работната група за подготовка, следење и проценка на Стратегијата се временски врзани со клучните точки за концептуалната фаза, фазата на планирање и последната фаза.

Со Работната група претседава Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија, поточно директорот на Дирекцијата за управување со територијална

соработка. Се состои од претставници на администрациите вклучени во делокругот на Интегрираната стратегија, како и организации на засегнатите страни.

***Членови на Работната група од Република Бугарија и Република Северна Македонија***

| Институција | Делокруг на активност | Веб-локација |
|---|---|---|
| | **Република Бугарија** | |
| Министерство за регионален развој и јавни работи (Дирекција за управување со територијална соработка) | *Претседател на Работната група*<br>Управувачки орган за програми за прекугранична соработка во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Бугарија | https://www.mrrb.bg/ |
| МРРЈР (Генерален директорат за стратешко планирање и програми за регионален развој, МРРЈР Југоисточен регион) | Управувачки орган на Оперативната програма „Регионален развој“ 2021—2027 година со сите надлежни овластувања и одговорности согласно релевантните регулативи на ЕУ и структурните и инвестициски фондови | https://www.mrrb.bg/ |
| Национална асоцијација на општините во Република Бугарија | Ги застапува и штити интересите на општините пред органот на централната власт: истражување, анализи, проценка и развој на предлози за промена и подобрување на политиката кон локалната самоуправа; лобирање | https://www.namrb.org/ |
| Покраинска администрација - Ќустендил | Ги врши должностите на јавната управа на локално ниво, истовремено осигурувајќи усогласеност помеѓу националните и локални интереси во спроведување на регионалната политика | https://www.kn.government.bg/ |
| Покраинска администрација - Благоевград | Ги врши должностите на јавната управа на локално ниво, истовремено осигурувајќи усогласеност помеѓу националните и локални интереси во спроведување на регионалната политика | https://www.bl.government.bg/ |
| Агенција за патна инфраструктура (Област Благоевград) | Државна управа за патишта | http://www.api.bg/index.php/bg/ |
| Бугарска трговско-индустриска комора | Невладина организација. Водечки партнер на државата во одредување на економската политика. Национална организација која ги застапува работодавците. | https://www.bia-bg.com/ |
| Бугарска трговско-индустриска комора, Здружение за индустрија и трговија, Дупница | Непрофитна организација. Доброволен економски сојуз на компании, трговски и други организации, без оглед на нивната форма на сопственост. Учествува во дискусиите на разни општински комитети создадени со наредба на градоначалникот на општината за разработка на програми, концепти и планови за развој на локалната економија и деловниот сектор | https://www.bia-bg.com/region/view/207 |
| Стандард АД, Фабрика за мерни уреди и инструменти | Нуди разни услуги поврзани со производство на мерни уреди и инструменти, како што се глодање, стругање, полирање, термичка и галванска обработка, ласерско гравирање и лабораториско тестирање | https://ziiu-bg.com/ |
| Центар за деловни информации и консултантски услуги во градот Сандански | Невладина организација со експертиза во локалниот економски развој којашто овозможува поддршка за МСП, обука и менторство за претприемачи. Партнер на „Enterprise Europe Network“. Организацијата шири насочени информации, обезбедува деловни консултантски услуги, организира семинари и други настани за градење на капацитетите на МСП, промовира деловна соработка на прекугранично и меѓународно ниво, истовремено обезбедувајќи поддршка за учество во настани за деловни врски и други B2B иницијативи, итн. Организацијата спроведува различни истражувачки проекти во врска со | https://www.bicc-sandanski.org/en/about |

| Институција | Делокруг на активност | Веб-локација |
|---|---|---|
| | деловното опкружување и специфичностите на регионот на Југозападна Бугарија, бидејќи активно соработува со локалните засегнати страни, политичарите и деловната заедница | |
| Бизнис Инкубатор во градот Гоце Делчев | Непрофитна организација што го промовира развојот на малите и средни претпријатија, семејни бизниси и земјоделски производители во областа околу градот Гоце Делчев. Поддржувајќи го процесот на генерирање идеи, промовирајќи приватна иницијатива, размена на информации и искористување на искуството на напредните пазарни економии, инкубаторот се обидува да помогне да се намали нивото на невработеност во областа, истовремено подобрувајќи го тамошниот животен стандард и работните услови | http://www.bi-gd.org/ https://www.facebook.com/businessincubatorgdelchev/ |
| **Република Северна Македонија** | | |
| Центар за развој на Североисточен плански регион | Обезбедува стручна и административна поддршка за потребите на Советот за развој на планскиот регион и, исто така: подготвува нацрт-предлози за развој на планскиот регион и на областите со специфични развојни потреби; промовира меѓуопштинска соработка; обезбедува стручна и техничка помош на органите на локалната самоуправа при изготвување на нивните развојни програми; обезбедува професионални услуги на невладини организации и граѓански здруженија во подготовката на проекти во сферата на регионалниот развој; промовира можности за регионален развој; спроведува развојни проекти за унапредување на развојот коишто ги финансира ЕУ и други меѓународни извори; соработува со донаторската заедница во земјата; промовира прекугранична соработка. | https://northeastregion.gov.mk/ |
| Центар за развој на Источен плански регион | Правно лице што учествува во планирање на регионалниот развој и подготовка на плански документи за регионален развој и што е одговорно за стручната и административна работа на Советот за развој на планскиот регион. Се посветува на зајакнување на меѓуопштинската соработка и промовирање на можностите за развој на регионот; соработува со општините во регионот и им помага преку обезбедување стручна и техничка поддршка при изготвувањето на нивните развојни програми, а соработува и со граѓанските здруженија во изготвувањето проекти за регионален развој. Неговата мисија е да ги зајакне капацитетите на мрежите во локалните и руралните заедници и деловниот сектор преку унапредување на развојот на локално и регионално ниво, да го зајакне принципот на јавно приватно партнерство и акција кон целта за подигање на животниот стандард. | https://eastregion.mk/en/ |
| Центар за развој на Југоисточен плански регион | Политиката на регионален развој во Југоисточниот плански регион претставува систем на цели, алатки и мерки насочени кон намалување на регионалните разлики и постигнување рамномерен и одржлив регионален развој. Ова ќе се постигне со помош на: засилување на соработката помеѓу планските региони преку градење капацитети, оптимизација и валоризација на природното наследство, човечкиот капитал и економските карактеристики на поединечните региони; зачувување, развој и унапредување на посебниот идентитет на планските региони; ревитализација на селата; развој на | http://www.rdc.mk/southeastregion/index.php/en/ |

| Институција | Делокруг на активност | Веб-локација |
|---|---|---|
| | областите со посебни потреби; поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка помеѓу органите на локалната самоуправа за унапредување на рамномерниот регионален развој и подигнување на животниот стандард на населението во регионот. | |
| Регионален центар за одржлив развој - Кратово | Непрофитна, невладина организација чијшто територијален делокруг на активности ги опфаќа и општините: Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане и Пробиштип во родниот регион, како и општините Куманово, Кочани и Дел во пошироката област на својата активност. Во некои програми, ваквата соработка се продлабочува и на регионално и на национално ниво преку различни мрежи, платформи и коалициски форми на соработка со други организации. | https://www.facebook.com/regionalncentar.org/?ref=page_internal https://regionalencentar.org/ (веб-локацијата е недостапна) |
| Општина Крива Паланка | Локална управа | https://www.krivapalanka.gov.mk |
| Општина Куманово | Локална управа | https://kumanovo.gov.mk/ |
| Општина Берово | Локална управа | https://berovo.gov.mk/ |
| Општина Дојран | Локална управа | https://dojran.gov.mk/ |
| Стопанска комора на Република Северна Македонија | Ги застапува и брани интересите на деловниот сектор. Делокругот на активност вклучува организирани заложби за подобрување на економските врски со странство, професионална обука за вработените во деловниот сектор, подобрување на производствениот квалитет, техничкиот и технолошкиот напредок преку воспоставување контакти со странски партнери и размена на информации. | https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=1&lng=2 |
| ЕЛИПСА Центар за одржлив развој, Куманово | Програма за поддршка на граѓанското општество којашто ги содржи следниве компоненти и активности: шеми за грантови; обука и настани. Настојува да се постигнат социјални промени предводени од активни граѓани, како и силен граѓански сектор и соодветна интеракција помеѓу државните власти и граѓанското општество и на централно и на локално ниво; се карактеризира со подобро управување, децентрализација и социјална инклузија коишто резултираат во вистинско подобрување на животот на граѓаните. | https://civicamobilitas.mk/en/ |
| Здружение на граѓани БИТРИКС КРУ (BEATRIX CREW) за образование и обука во танцови и културни активности, Скопје | Образование; развој на платформи за себеизразување; обезбедување можности за работа со уметници; промоција на сценски уметности.<br>Некои од проектите на Здружението се:<br>- Интернационален танцов камп „Битрикс танцова лига";<br>- „Beatrix Specials" — отворени работилници за заедницата;<br>- „Во ритамот на летото" — креативен караван што има турнеја низ Северна Македонија;<br>- концерти и сценски изведби. | |

## *Одржливост на партнерства*

Моделот на управување на повеќе нивоа вклучува примена на постојни договори или формирање структури[22] (како што се секретаријати, здруженија на општини, итн.), или пак

[22] https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/docgener/studies/pdf/integrated_strategies/integrated_strategies_en.pdf

на механизми за координација (на пр., работни групи, договори, итн.). Градењето капацитети во повеќегодишно и повеќестепено планирање и спроведување, особено на локално ниво, ја зголемува улогата на локалните власти, другите поднационални власти, економските и социјални партнери, како и на граѓанските организации вклучени во управувањето и спроведувањето на ЕСИ фондовите и, исто така, долгорочно помага за зајакнување на капацитетот за развој на територијата. Зајакнувањето на соработката помеѓу властите, социјално и економски активните субјекти, универзитетите и истражувачките институции за приоритетните теми на Стратегијата е од суштинско значење за да се одржуваат и градат капацитетите.

Одржливоста на одлуките донесени врз основа на Стратегијата е директно поврзана со управувањето на повеќе нивоа, како начело и двигател на иновациите и добрите практики. Ова бара засегнатите страни редовно да одржуваат форуми за темите, и во живо и во виртуелно опкружување. Ова вклучува развој на формати во Програмата коишто се осврнуваат на и концептуализираат теми преку активна комуникација, размена на искуство и практични сојузи.

## *МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНКА НА СТРАТЕГИЈАТА*

Трансформацијата на мерките и проектите предвидени во Стратегијата во реални интервенции ќе се изврши преку реализација на План за спроведување на стратегијата. Планот ги утврдува редоследот и роковите за спроведување на предвидените мерки.

Спроведувањето на интервенциите ќе се изврши преку:

- Избор на изведувач за понатамошно развивање и спроведување на однапред започната идеја за проект (индикативен проект) преку конкурс (овозможува балансирана основа за интегриран развој, бидејќи нивните односи и улоги во пакетот мерки се однапред проценети)
- Финансирање проекти на конкурентска основа според однапред најавени барања, кога видот на задачата бара да се поддржи претприемачката иницијатива, т.е. изработени се критериуми за проценка, а идеите доаѓаат од претприемачите/засегнатите страни (тие даваат можност за широко изразување и креативност на локалните претприемачи, чиишто вештини стратегијата има за цел да ги развие)

Разликата е поврзана со различното ниво на креативна слобода во процесот на обликување и спроведување на проектните идеи. Ова ќе ја создаде потребната флексибилност за Стратегијата да ја одржи својата врска со локалниот контекст во текот на целиот период на спроведување на Програмата. Успешното спроведување на проектите, заедно со тешкотиите и предизвиците надминати во текот на процесот, ќе ја даде неопходната доверба и поттик за развој на претприемничкото опкружување во регионот и ќе ја покаже способноста на јавно-приватните партнерства да ги решаваат важните проблеми на локалните заедници.

Изборот на проекти за краткиот список, како и утврдувањето на барањата за финансирање проекти на конкурентска основа е одговорност на работната група, којашто, според Регулативата, е одговорна за изработката и спроведувањето на стратегијата. Преговорите за проектите се во надлежност на Управниот орган на програмата, којшто е одговорен за спроведувањето на самата програма.

По успешното завршување на своите одговорности за подготовка и одобрување на стратегијата, работната група се трансформира во **Комитет за следење на спроведувањето на стратегијата** (КССС) и станува дел од Комитетот за следење на спроведувањето на програмата. На овој начин, партнерите, чија главна одговорност според Регулативата е развој и имплементација на стратегијата, го продолжуваат своето учество во процесот како учесници во КССС.

Одговорностите на КССС и **Управувачкиот орган** на програмата (УО) се во согласност со Регулативата, Договорот за доделување на изработка на стратегијата и логиката на изработка на самата стратегија. Во поглед на спроведувањето на стратегијата, КССС и УО ги имаат следниве права и обврски:

- КССС активно учествува во подготовката на стратегијата, изборот на проекти за краткиот список и дефинирањето на условите за избор на проекти на конкурентска основа, понатаму, донесува правила и критериуми за следење и проценка на стратегијата, следи и дава мислења за следење и усвојува периодични проценки на спроведувањето на стратегијата, дава препораки за ажурирање на Акцискиот план.
- КССС се бави со сите прашања што влијаат врз квалитетот на спроведувањето на стратегијата и мерките за нивно решавање, напредокот во спроведувањето на стратегијата, придонесот на програмата за решавање на потребите и потенцијалот за развој на територијата, напредокот на проценките, ги резимира проценките и можните активности што следуваат по нивните наоди.
- КССС ги одобрува методологијата и критериумите што се користат за избор на операции, вклучително и измени и дополнувања во нив, годишните извештаи за квалитетот на спроведувањето на стратегијата, Планот за проценка и неговите измени и дополнувања.
- КССС дава предлози за измени коишто содржат образложенија што покажуваат како се исполнуваат условите релевантни за стратегијата и кој е нивниот очекуван придонес во постигнување на целите на стратегијата, според околностите кои довеле до овие предлози.

Управувачкиот орган на програмата има оперативни/административни функции во однос на Стратегијата:

- Во однос на спроведувањето на стратегијата, Управувачкиот орган на програмата е одговорен за доделување периодични проценки за спроведувањето на стратегијата, за ажурирање на Акцискиот план, за преговарање за потесниот избор на проекти и за проектите избрани на конкурентска основа.
- УО ја проценува измената и нејзината усогласеност со барањата на стратегијата и разумно ја прифаќа или враќа, со цел дадениот предлог да се разјасни во рок од еден месец.
- УО навремено му ги дава информациите потребни за следење на изведувањето на задачите на Комитетот за следење, евидентирајќи и складирајќи ги податоците за секоја операција во електронски систем, за целите на следење, проценка, финансиско управување, инспекции и ревизии и обезбедување безбедност, интегритет и доверливост, податоци и кориснички идентитет.

**Следењето** има за цел периодично да им ја претставува најточната слика за спроведувањето на стратегијата на Управувачкиот орган на програмата и КССС. На овој начин, раководителите на Стратегијата ќе ги следат непредвидените околности и пречки при нејзиното спроведување и ќе можат да донесат соодветни одлуки за интервенција кога е потребно. За оваа намена се користи збир од соодветни показатели.

Показателите за успех се поврзани со непосредниот резултат/производот од

спроведувањето на проектот и најчесто се мерат во квантитативни единици (број, километри, парични единици и сл.)

Показателите за резултатите се поврзани со постигнувањето на конкретните цели. Тие го покажуваат односот помеѓу почетната и постигнатата вредност и овозможуваат проценка на придонесот на Стратегијата во развојот на регионот.

Проценката и имплементацијата на Стратегијата даваат информации за степенот на постигнување на поставените цели и како тие придонесуваат за интегриран територијален развој на регионот. Обезбедувањето информации се спроведува преку следење за време на спроведувањето на Стратегијата.

Периодичните проценки даваат важни информации во поглед на делотворноста, ефикасноста и соодветноста на Стратегијата. Врз основа на тоа, раководителите може да ги одредат соодветните промени во рамките на однапред утврдената можност за флексибилност на Стратегијата. Тие се спроведуваат преку годишни извештаи за имплементацијата на Стратегијата и преку конечен извештај за постигнување на целите на Стратегијата.

Постигнатиот напредок преку интервенциите на Стратегијата се проценува врз основа на промената на однапред избраните показатели.